РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4128/4
08-05-2023
(2021)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 85-та седница одржана на ден 12.04.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4128/1 од 30.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____, член на Управниот одбор на _____, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 08-4128/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од Службен весник број 191 од 2021 година утврди дека _____ од село Брчево, Струга со Решение број _____ од 30.07.2021 година е именуван на должноста член на Управниот одбор на _____.

Од својата евиденција ДКСК утврди дека лицето _____, во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на именувањето на наведената функција, не поднело анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на именуватото лице му издаде и достави прекршочен платен налог за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Со оглед на тоа што лицето _____, во законски предвидениот рок не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

По барање на Прекршочната комисија во ДКСК изврши увид во оригиналниот анкетен лист поднесен од страна на лицето _____ на ден 13.09.2021 година, заведен под архивски број 08-3423/1. Од наведениот анкетен лист не може да се утврди дали истиот е поднесен по именување или по престанок на функцијата член

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на Управниот одбор ЈЗУ _____ од причина што во истиот се означени и полето „при избор/именување на функција" и полето „по престанок на функцијата", а исто така пополнети се и полињата „датум на избор/именување" и „датум на престанок".

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК го повлече барањето за поведување прекршочна постапка а до лицето _____ достави укажување да достави уште еден анкетен лист со што ќе ја исполни законската обврска од членот 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил:А.Ч.
Одобрил: м-р Владимир Георгиев,член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk